


# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2025

ИО ЕКВИНОКС

# СОДРЖИНА

1 МИСИЈА И ЦЕЛ....................................................3
2 ЧЛЕНСТВО.............................................................4
3 НАСТАНИ...............................................................6
3.1 ОДРЕДСКИ НАСТАНИ............................6
3.2 НАЦИОНАЛНИ НАСТАНИ....................18
3.2.1 ОРГАНИЗИРАНИ ОД СИМ............18
3.2.2 ОРГАНИЗИРАНИ ОД ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ.............................22
3.3 ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ НАСТАНИ.......28
4 НАГРАДИ...............................................................30

Почитувани,

Овој извештај ги содржи сите настани и активности организирани од ИО Еквинокс Скаут во периодот од 01.01-31.12.2025 година.

**Мисија**

Мисијата на одрдот е да придонесе во образованието на младите луѓе низ систем на вредности засновани брз Извидничкиот Завет и Закони, да помогне во изградба на подобар свет каде што луѓето се самоисполнителни како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството.

**Цел**

Целта на одредот е да придонесува во развојот на младите луѓе, во достигнувањето на нивните потполни физички, интелектуални, општествени и духовни можности како поединци, како одговорни граѓани и како членови на нивните локални и национални заедници, како и меѓународната заедница.

# 2. ЧЛЕНСТВО

## БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ПО КАТЕГОРИИ

| | МАЖИ | ЖЕНИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| РАЗВИГОРЦИ | 8 | 18 | 26 |
| ИЗВИДНИЦИ | 15 | 7 | 22 |
| РОВЕРИ | 14 | 14 | 28 |
| СЕНИОРИ | 13 | 22 | 35 |
| ВКУПНО | 50 | 61 | 111 |

## БРОЈ НА ОБУЧЕН КАДАР

| | БРОЈ |
|---|---|
| ВОДАЧИ | 14 |
| ИНСТРУКТОРИ - ПРВ СТЕПЕН | 1 |
| ТРЕНЕРИ | 5 |

# 3.1 ОДРЕДСКИ НАСТАНИ

## ЗИМУВАЊЕ „КРАЛСТВО ЏУМАЈА“

Во периодот од 9 до 13 јануари 2025 година, во Ловно Домче на Плачковица, беше реализирано зимување во рамки на Кралството „Џумаја“. Учествуваа патролите „Детенинки“ и „Чоколадни Бананки“ од категориите Разигорци и Истражувачи. Вкупно 13 учесници, под водство на Мелани Манова, Александра Данева, Миа Митрева и Марија Стефановска, активно се вклучија во програмските активности насочени кон развој на тимска работа, издржливост и извиднички вештини.





## ЗИМУВАЊЕ „КРАЛСТВО ЏУМАЈА“

Во периодот од 13 до 16 јануари 2025 година, повторно во Ловно Домче на Плачковица, беше организиран втор камп во рамки на Кралството „Џумаја“. Учество земаа патролите „Ренџери“, „Зелени Пантери“ и „Бабои“ од категориите Истражувачи и Ровери, со вкупно 10 учесници кои реализираа активности насочени кон тимска соработка, лидерство и практични извиднички предизвици.





## КЛИМАТСКИ ХЕРОИ

На 1 февруари 2025 година, во с. Селце, беше реализирана еколошката акција „Климатски херои“ во рамки на кампањата „Направи Добро Дело“. Во текот на акцијата беа засадени над 80 дрвца со цел придонес кон справување со климатските промени и уредување на просторот. Со настанот беше одбележана 13-тата цел за одржлив развој – „Акција за климата“, преку практична еколошка иницијатива.





## ПРВ НА 2РИ!

На 2 февруари 2025 година, во Домот на млади во Штип, беше реализиран настанот „Прв на 2ри!“ во рамки на иницијативата „Направи Добро Дело“. Настанот беше посветен на 5-тата цел за одржлив развој – „Родова еднаквост“, преку активности насочени кон рушење на родовите стереотипи. Учесниците се вклучија во активности како готвење, пеглање, цепење дрва, градинарство и цртање, а настанот беше од отворен тип со учество на родители и деца.





# ПОРАКИ ДО ГРАДОТ

На 6 февруари 2025 година, во Штип, беше реализирана акцијата „Пораки до градот!“ во рамки на иницијативата „Направи Добро Дело“. Акцијата ја спроведе патролата „Детелинки“, преку делење инспиративни пораки со цел подигање на свеста за позитивни општествени вредности во заедницата. Со настанот беше одбележана 11-тата цел за одржлив развој – „Одржливи градови и заедници“.





# ПОСЕТА НА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ВОДА

На 13 февруари 2025 година, во Штип, беше реализирана едукативна посета на пречистителна станица за вода. Учесниците имаа можност да се запознаат со процесите на подготовка, пречистување и дистрибуција на водата за пиење. Со настанот беше одбележана 6-тата цел за одржлив развој – „Чиста вода и санитарни услови“, со акцент на едукација и подигање на свеста за одговорно користење на водните ресурси.



# НОЌЕН ХАЈК - ЧЕКОР НАПРЕД

На 16 февруари беше организиран ноќен хајк „Чекор напред“, наменет за млади на возраст 14+. Активноста имаше за цел да поттикне инклузивност, солидарност и еднакви можности за сите учесници, во согласност со 10тата цел за одржлив развој (SDG10) – Намалена нееднаквост. Настанот овозможи безбедно и поддржувачко опкружување за заедничко движење, поврзување и градење чувство на заедништво.





# КРАВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА 3.0

На 20 февруари во Домот на млади се одржа Крводарителска акција 3.0, настан од отворен тип реализиран во соработка со Црвен Крст, во рамки на иницијативата „Направи Добро Дело“ по повод Денот на извидниците. Акцијата беше насочена кон унапредување на SDG 3 – Добро здравје и благосостојба, при што беа собрани 30 единици крв, со што се даде значаен придонес кон здравствениот систем и заедницата.





# ПОСЕТА НА СОБРАНИЕ НА Р.С.М

На 28 февруари беше реализирана посета на Собранието на Република Северна Македонија, при што учесниците се запознаа со работата на законодавниот орган, демократските процеси и постапката за донесување закони. Посетата придонесе кон унапредување на знаењата за улогата на Собранието во општеството и поттикнување на критичко размислување и активно граѓанско учество.





# ИНИЦИЈАТИВА ЗА МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЖЕНАТА

На 8ми март, по повод Меѓународниот ден на жената, извидниците од патролата Зелени Пантери изработија рачни цветни аранжмани и ги поделија низ шеталиштето во Штип. Активноста имаше за цел да изрази почит и благодарност кон жените и да ја истакне нивната важна улога и придонес во општеството.





# ОДРЕДСКА ПРОШЕТКА

На 7 април беше реализирана одредска прошетка во населба Дузлак, со цел поттикнување на физичка активност, заедништво и поврзување со природата. Активноста придонесе кон унапредување на тимскиот дух и здравите животни навики кај учесниците.





# ИНИЦИЈАТИВА ЗА МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ПЛАНЕТАТА

На 7 април беше реализирана одредска прошетка во населба Дузлак, со цел поттикнување на физичка активност, заедништво и поврзување со природата. Активноста придонесе кон унапредување на тимскиот дух и здравите животни навики кај учесниците.





# ОДРЕДСКА ПРОШЕТКА - БЛАГОВА РЕКА

На 5 мај беше реализирана одредска прошетка до Благова Река, со учество на деца и родители. Активноста овозможи дружење меѓу генерации, поминување квалитетно време во природа и поттикнување на заедништво и здрави животни навики.





# ИЗВИДНИЧКА ДРУЖБА

На 31 мај во Парк Суитлак беше одржана Извидничка дружба како отворен настан за млади, со цел запознавање со извидничките активности. Учесниците имаа можност да се вклучат во практични и едукативни активности како врзување јажиња, поставување шатори и стреличарство, поттикнувајќи учење, дружење и активен престој во природа.





## РЕНОВИРАЊЕ НА КРОВ НА ОДРЕДСКИТЕ ПРОСТОРИИ

Во периодот 6–16 јули беше реализирана работна акција за реновирање на кровот на извидничката канцеларија во Дом на млади. Во акцијата учествуваа 53 волонтери во текот на 10 работни денови. Извршена е целосна замена на кровната конструкција: отстранети се над 3.000 керамиди, заменети над 1.000 метри летви, искovани нови даски, отстранет градежен шут и искористени повеќе од 25 кг шајки. Акцијата е реализирана со поддршка од European Scout Foundation, Сојуз на извидници на Македонија и Општина Штип. Реновирањето е дел од поширок процес на обнова на објектот.





## РАБОТИЛНИЦА ЗА РАЗВОЈ НА ВЕШТИНИ КАЈ МЛАДИТЕ

На 12 септември во Блатец беше организирана дводневна активност насочена кон развој на вештини за вработување кај младите, реализирана со поддршка на организацијата ТАКТ. Преку работилници и активности базирани на пристапот „Спорт за развој“, учесниците имаа можност да развиваат важни животни и социјални вештини како самодоверба, комуникација, тимска работа, одговорност и лидерство. Активностите беа спроведени во динамична и интерактивна атмосфера, поттикнувајќи ги младите активно да учествуваат и да ги унапредуваат своите лични и професионални капацитети.





# ОДРЕДСКИ ХАЈК

На 5 октомври беше реализирана одредска прошетка во природа во должина од 7 километри. Во рамки на активноста беше одржана практична обука за врзување амбулантен јазол, со акцент на тимска работа и заедништво.





# КАЧУВАЊЕ НА КАРПА ПЛОЧА

На 12 октомври беше реализирана активност качување на карпа – Плоча, во соработка со Алпинистички клуб „Астрајон“. Учесниците се запознаа со основите на спортското качување и безбедносните процедури, под водство на лиценцирани инструктори. Активноста придонесе за развој на храброст, доверба и тимска работа.





# ПОСЕТА НА ДИНО ПАРК

На 21 октомври беше реализирана одредска посета на Дино Парк Штип. Извидниците се запознаа со различни видови диносауруси и основни информации за нивниот начин на живот преку едукативна и интерактивна програма.





# ПРОЕКЦИЈА НА ФИЛМОТ „DJ АНМЕТ"

На 28 октомври беше организирана проекција на македонскиот филм „Диџеј Ахмет", на која присуствуваа над 50 учесници (извидници, родители и пријатели). Активноста имаше културно-едукативен карактер и поттикна разговор и размислување за младите, идентитетот и животот во руралните средини.



# ОДРЕДСКА ПРЕДНОВОГОДИШНА ЗАБАВА

На 28 декември беше организирана предновогодишна одредска забава, на која членовите на одредот заедно ги одбележаа успесите и активностите од изминатата година. Во пријатна и празнична атмосфера исполнета со музика, игри и дружење, извидниците имаа можност да ги зајакнат меѓусебните врски и заедно да ја испратат старата и да ја пречекаат новата година. Настанот претставуваше уште една можност за зацврстување на заедништвото и извидничкиот дух во одредот.





# 3.2.1 НАСТАНИ ОРГАНИЗИРАНИ ОД СИМ

# НОЌЕН ХАЈК - ОСВЕТЛИ ЈА ПЛАНИНАТА

На 15 февруари 2025 година, на Водно – Скопје, извидничкиот одред учествуваше на традиционалниот ноќен хајк „Осветли ја планината“, организиран од СИМ по повод Денот на извидниците (22 февруари). Настанот е дел од долгогодишна традиција и е посветен на одбележување на роденденот на основачот на извидничкото движење, Роберт Баден-Пауел, при што преку ноќно искачување се промовираа извидничките вредности и љубовта кон природата.



# НАСТАН ЗА ДЕНОТ НА ИЗВИДНИЦИТЕ

На 22 февруари 2025 година, во Св. Николе беше одбележан Денот на извидниците. Настанот започна со свечена церемонија на давање извиднички завет, при што новите членови официјално се приклучија кон извидничкото семејство и ги прифатија вредностите на чест, другарство и љубов кон природата. По церемонијата беа организирани активности низ градот, поделени на две патеки – една наменета за категоријата развигорци и една за извидници. Учесниците преку различни задачи и предизвици имаа можност да ги покажат своите знаења, вештини и тимски дух, одбележувајќи го овој значаен датум во извиднички дух.





## СОЈУЗУВАЊЕ

Во периодот од 5-6 април се одржа настанот „Сојузување“, на кој старешини, началници и водачи од извидничките одреди од целата држава се собраа со цел размена на искуства и заедничко планирање на идниот развој на извидништвото до 2030 година. Нашиот одред беше претставен од Дарко Тошиќ, Бојан Андонов, Филип Малинов, Давид Ѓошев и Мелани Манова, кои активно учествуваа во работните сесии и дискусии.





## АКЦИЈА СВ. НИКОЛЕ

На 16 мај 2025 година, во Свети Николе се одржа регионална извидничка акција на која учествуваа и членови од нашиот одред. Патролата „Детелинки“ постигна одличен резултат, освојувајќи го првото место благодарение на покажаните извиднички вештини, тимска работа и добра подготовка. Овој успех претставува резултат на континуирана работа и посветеност на членовите на патролата.



## ПРОЛЕТНИ БАКНЕЖИ И ПРЕГРАТКИ

Членови од нашиот одред учествуваа на извидничката акција „Пат околу светот“, која се одржа во Скопје. Акцијата беше организирана во форма на авантуристичка патека со 10 контролни точки, на кои учесниците решаваа различни задачи и предизвици поврзани со знаење, извиднички вештини и тимска соработка. Нашиот тим особено се истакна на задачата поврзана со препознавање европски држави, каде успешно идентификуваше 47 држави и постигна најдобар резултат на таа контролна точка.





## ДРЖАВЕН ИЗВИДНИЧКИ ОРИЕНТАЦИОНЕН НАТПРЕВАР

Во периодот од 10 до 12 октомври во с. Црешово се одржа Државниот извиднички ориентационен натпревар (ДИОН), во организација на ИПО „Сидро“. Нашиот одред беше претставен од Љупчо, Максим, Димитар и Виктор, кои се натпреваруваа во категоријата Истражувачи. Натпреварувачите учествуваа во повеќе извиднички дисциплини, меѓу кои ориентација со карта и бусола, прва помош, сигнализација, јазли и изработка на извештај од дел од поминатата патека.





# 3.2.2 НАСТАНИ СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ

# ЗЗЗ - ЗАЕДНИЧКИ ЗА ЗЕЛЕНО ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

На 3 мај се одржа настанот „ЗЗЗ – Заеднички за зелено застапување за заштита на животната средина“, организиран од КРИК, на кој учествуваше нашиот член Бојан Андонов. Настанот беше посветен на концептот на зелена социјална работа, при што се истакна поврзаноста меѓу социјалната правда и заштитата на животната средина, како и значењето на заедничкото застапување, едукацијата и вклучувањето на заедницата во еколошки иницијативи.





# БЛОКНИ ГО ХЕЈТОТ

На 13 мај, нашиот одред учествуваше во активности во рамки на иницијативата „Блокни го хејтот“, реализирана од УНИЦЕФ и Фондацијата Телеком за Македонија, во соработка со Сојузот на извидници на Македонија. Преку интерактивни активности, децата и адолесцентите се запознаа со теми поврзани со емпатија, солидарност, онлајн безбедност и борба против врсничко насилство и говор на омраза, стекнувајќи практични знаења за препознавање и соодветно реагирање на онлајн насилство.





# ПРОЕКТ ЗА ЕКОЛОШКИ АКТИВИЗАМ

Во периодот од 23–29 јуни година, нашите членови Александра и Мартин учествуваа на проект за еколошки активизам, организиран од OSCE. Преку заеднички активности со млади од целата држава, учесниците ги унапредија своите знаења и вештини за заштита на животната средина, младинско застапување и учество во процесите на донесување одлуки, со посебен фокус на климатската безбедност и еколошката правда.





# ЛЕТНА ШКОЛА - ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО

На 22 јули 2025 година, заедно со родители волонтери беше организирана акција за расчистување и уредување на дворот на НУБ „Гоце Делчев“ во Штип. Уредениот простор беше искористен за реализација на извиднички активности за децата од летната школа, во рамки на 40-тото издание на „Штипско културно лето“. Акцијата придонесе за подобрување на просторот и за промоција на извидничките активности меѓу младите.





## НЕТ БЕЗ ХЕЈТ

Во периодот од 4-7 ноември, во Берово, се одржа настанот „Нет без хејт“, организиран од УНИЦЕФ. Настанот опфати околу 50 деца кои преку едукативни и интерактивни активности учеа за препознавање и справување со булинг, мирно решавање конфликти и промовирање на емпатија, прифаќање и меѓусебна поддршка.





## ЕКО-АКЦИЈА - ЗА ПОЧИСТА МАКЕДОНИЈА

На 21 септември 2025 година, беше реализирана најголемата еко-акција за чистење организирана во рамки на еколошкото движење - „За почиста Македонија“, која се одржа во шумскиот предел кај Мирјанина Црква. На акцијата учествуваа повеќе од 100 волонтери од различни градови, како и меѓународни учесници, кои заеднички работеа на расчистување на голема дива депонија. За само неколку часа беа собрани стотици ќеси отпад и значително беше подобрена состојбата на просторот, кој од депонија беше трансформиран во чисто и пријатно место за престој во природа.



# ОТВОРЕН ИЗВИДНИЧКИ ДЕН

По покана на Младинскиот центар од Пробиштип, членовите на одредот учествуваа на промотивен настан на кој пред локалната заедница беа претставени дел од извидничките активности и вештини. Посетителите имаа можност да се запознаат со основите на извидништвото преку практични активности како врзување јазли, поставување шатор и стрелање со лак. Настанот претставуваше одлична можност за дружење, размена на искуства и поттикнување интерес кај младите за вклучување во извидничкото движење, во атмосфера исполнета со позитивна енергија и тимски дух.





# ЕДУКАТИВНА ПРОГРАМА ЗА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

На 21 септември 2025 година, беше реализирана најголемата еко-акција за чистење организирана во рамки на еколошкото движење - „За почиста Македонија“, која се одржа во шумскиот предел кај Мирјанина Црква. На акцијата учествуваа повеќе од 100 волонтери од различни градови, како и меѓународни учесници, кои заеднички работеа на расчистување на голема дива депонија. За само неколку часа беа собрани стотици ќеси отпад и значително беше подобрена состојбата на просторот, кој од депонија беше трансформиран во чисто и пријатно место за престој во природа.





# 3.3 ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ НАСТАНИ

# ЗАВРШНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА S.Y.S.P.U.C.

Во периодот од 21–23 февруари, во Брисел, Белгија, се одржа Завршната конференција на проектот S.Y.S.P.U.C. (Strengthening Youth Spaces and Participation for Underrepresented Communities), поддржан од програмата Erasmus+ и имплементиран од WOSM. Нашиот извидник Мартин Јанев учествуваше на настанот, каде што преку панел-дискусии и работилници се запозна со нови методологии за вклучување на недоволно застапени заедници преку извидничкиот метод на работа, како и соработка со младински организации од Европа.





# GREEN BELT

Во периодот од 24–28 април, во Охрид, нашите членови Марија, Давид и Филип учествуваа на камп во рамки на проектот Green Belt. Преку заеднички активности со извидници од Црна Гора и Србија, учесниците се запознаа со концептот на Зелениот појас и значењето на заштитата на природата и ендемските видови. Кампот вклучуваше планинарски искачувања на планините Јабланица и Галичица (врв Магаро), како и едукативни активности поврзани со биодиверзитетот на регионот.





# 7.СМОТРА НА ИЗВИДНИЦИТЕ НА ЦРНА ГОРА

Во периодот од 18–26 јули, извидничкиот одред учествуваше на 7. Смотра на извидниците на Црна Гора, одржана во Грахово. Настанот собра извидници од повеќе од 20 земји и овозможи учество во кампување, работилници, извиднички активности и меѓународна размена, со што се зајакнаа извидничките вештини, заедништвото и меѓународната соработка.





# 16.СВЕТСКИ ИЗВИДНИЧКИ МООТ

Во периодот од 25 јули до 3 август, во Португалија се одржа 16-тиот World Scout Moot, еден од најголемите меѓународни извиднички настани, со над 8.000 учесници од 114 земји. Меѓу 36-те претставници од Македонија учествуваа Драган, Борјан, Благица и Тамара, како учесници, и Дарко како волонтер. Настанот беше насочен кон размена на искуства, идеи и вештини меѓу младите, преку разновидни едукативни, културни и авантуристички активности. Посебно значаен момент беше Интернационалната вечер, на која беше успешно претставена македонската култура и традиција.






# 4. НАГРАДИ

# ОПШТИНСКА НАГРАДА „8МИ НОЕМВРИ“

Нашиот одред беше добитник на општинската награда „8-ми Ноември“за 2025година, која Општина Штип традиционално ја доделува за особен придонес во заедницата. Ова признание претставува потврда за долгогодишната посветеност на одредот во промоција на извидништвото, младинскиот активизам и општествената ангажираност во локалната заедница. Наградата е дополнителна мотивација за продолжување со активностите и иницијативите насочени кон развој на младите и заедницата.

